ОПШТИНСКИ
ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 4 - Декември 2018

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Општина Крива Паланка додели награди за најуспешниот пожарникар и полициски службеник во 2018 година



Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, со претседателката на Советот, Изабела Павловска и оваа година доделија награди на најуспешниот пожарникар и полициски службеник во општина Крива Паланка за минатата година.

> Наградата за најуспешен пожарникар од Територијалната противпожарна единица на Крива Паланка ја доби **Сашо Јакимовски**, а наградата за најдобар полицаец за 2018 година ја доби **Сашко Станковски.**

Најдобриот полицаец и пожарникар добија плакета од општина Крива Паланка, благодарница и пригоден подарок.



## Градоначалникот Мицевски ги посети дежурните служби

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски ги посети дежурните служби кои работат со дваесетичетиричасовно работно време во областа на безбедноста и заштитата на граѓаните и им врачи пригодни подароци, технички апарати од општината во знак на внимание за посветеноста и ангажманот.

Пред новогодишната ноќ тој заедно со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, претседателката на Совет, Изабела Павловска и претставници на општинската администрација ги посети ПС при РЦ Исток, ПС при РЦ Север, Царинска служба ГП Деве Баир, ПС ОН Крива Паланка, ТППЕ Крива Паланка и службите на Брза помош во рамки на Здравствен дом Крива Паланка.



## Потпишан договор за проширување на капацитетите на детската градинка „Детелинка“

Градоначалникот Борјанчо Мицевски го потпиша Договорот за соработка помеѓу Општина Крива Паланка, Министерството за труд и социјална политика и Фондацијата Отворено општество, за имплементација на Проект за пренамена, адаптација и проширување на капацитетите на ОЈУДГ Детелинка.

Со реализацијата на овој проект се надминуваат тековните проблемите со недостатокот на капацитети за сместување, за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст во општина Крива Паланка. Според планираната динамика на изведување активностите треба да бидат завршени до месец мај 2019 година.

Како страни потписници на Договорот за соработка и финасиско учество во имплементација на Проектот аплициран од Општина Крива Паланка, беа министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска и директорката на Фондацијата Отворено општество, Фани Каранфиловска.




## Во Крива Паланка се одржа фестивалот на детска песна ,,Распеано симитче’’

Во Центарот за култура Крива Паланка се одржа фестивалот на детска песна „Распеано симитче” 2018. Фестивалот е возобновен по деценија и пол, а беа изведени 15 новокомпонирани детски песни, во интерпретација на вкупно 16 музички таленти од Крива Паланка, кои се претставија пред преполната сала во придружба на хорот „Распеани симитчиња“.

Организатор на фестивалот е Центарот за аудиовизуелни уметности Крива Паланка, НУ Центар за култура од Крива Паланка, во соработка и под покровителство на Општина Крива Паланка.



## Доизградба на регулацијата на Скрљавски Дол

Општина Крива Паланка започна со градежни активности за доизградба на регулацијата на Скрљавски Дол.



Должината на опфатот е 264 метри, со што ќе се заокружи започнатата градба и ќе се овозможи ефикасно функционирање на каналот, а воедно треба да се реши и проблемот со квалитетен колски пристап за локалното население.

Со завршување на изградбата на регулацијата на Сркрљавски Дол, во иднина ќе се овозможи и изградба на дел од улицата „Климент Охридски“, која се протега паралелно со самата регулација, а која веќе е предвидена со Деталниот урбанистички план.

Проектот е задничка инвестиција на Министерството за животна средина и просторно планирање и Општина Крива Паланка.



## Поставување на заштитна одбојна ограда на патниот правец кон Калин Камен

Во изминатиов период во рамките на тековно одржување на локалните улици и патишта се изврши поставување на заштитна одбојна ограда на критични места на патниот правец Манастир-Ловечка Куќа -Езерце.



Поставена е ограда на три места во вкупна должина од околу 60-тина метри. Предвидено е активноста да продолжи и на други локации во наредниот период во зависност од временските услови.



## Поставување на метални заштитни огради на мостовите во с.Подржи Коњ и с.Луке

Во насока на подобрување на безбедноста, Општина Крива Паланка постави метални заштитни огради, изработени од челични профили на два локални мостови.



Во месноста Косаче во с. Подржи Коњ, поставена е двострана ограда на мост со должина од 12 метри и ширина 2.4 метри, и истовремено е санирано нагазното тло на мостот со заварување на постоечката конструкција и додавање на парчиња бродски лим.



Во месноста Мишинци во с.Луке на постоечката конструкција од мостот изработена е двострана сигурносна ограда од челични профили во должина од 12 метри, со што е овозможено побезбедно и посигурно движење на локалното население преку водотеците.

## Порибување на Крива Река во централното градско подрачје

Здружението Спортски риболовен клуб Мрена од Крива Паланка, изврши порибување на Крива Река во централното градско подрачје на Крива Паланка. Порибувањето е извршено со автохтона пастрмка во количина од 51 килограм или вкупно околу 7500 парчиња на подмладок.

Порибувањето е во согласност со годишната програма на здружението и истото е поддржано со финансиски средства на ЕМК ДООЕЛ Мали хидроелектрани Скопје.





## Францускиот амбасадор Тимоние во посета на Општина Крива Паланка



Градоначалникот Борјанчо Мицевски имаше работна средба со амбасадорот на Франција во Македонија, Кристијан Тимоние и конзулот Ерик Пенже.

На средбата се разговараше за интензивирање на соработката помеѓу Општина Крива Паланка и Амбасадата на Франција во РМ во интерес на граѓаните на општината.

-На мое задоволство во вашиот град ме пресретна убав сончев ден, чист воздух и убавина. Одлична прилика е да го најавам проектот за посета на градот на 250 Пежо 205 автомобили и околу 750-800 возачи од Франција следната година, при нивното патување низ дваесет европски земји за 23 дена. Според планот на овој проект, предвиден е еднодневен престој на автомобилистите во Крива Паланка. Тоа е можноста да се запознаат подобро со локалното население, а нивна мисија е и донирање на прибор и други нагледни средства за училиштата во Крива Паланка. Ова е пракса која носи размена на искуства, култура и секако придонесува за развој на локалната економија, истакна амбасадорот Тимоние.



## Претставници од Светска банка на работна средба со градоначалникот Мицевски

Претставници од Светската банка остварија работна средба со градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски на која се запознаа со стратешките планови, приоритетни проекти и програми за следната година. Градоначалникот ги запозна со локалните ресурси и потенцијали со кои располага општината, пред се потенцијалите за развој на туризам со чиста и здрава животна средина, богатство од традиционална храна, фолклор и култура.



## Во Крива Паланка одбележан Меѓународниот ден на лицата со попреченост

По повод 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, градоначалникот на Општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски и претставници од општинската администрација, ги посетија штитениците од Одделението за дневен престој на лица со попреченост.

Во оваа пригода, беа врачени грејни тела за просториите од Дневниот центар, како донација од Општината, а скромни подароци донесоа и претставниците од Училишната заедница од СОУ Ѓорче Петров, заедно со менторката Елена Ѓорѓиевска.

- Потребна е поголема и континуирана грижа, подобро разбирање и пристапност на институциите за потребата од интеграција на овие лица во сите сегменти од социјалниот, економскиот и културниот живот во заедницата во која живеат и во таа насока локалната самоурава, во рамки на својата надлежност континуирано инвестира во подобрувањето на инфраструктурните и други услови за овие лица, рече градоначалникот Мицевски.



Во рамки на одбележувањето на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, свое учество имаше и ТППЕ од Крива Паланка, кои за штитениците од Дневниот центар подговитвија кратка презентација на противпожарните апарати и возила.



## Прием на децата и семејствата на бранителите

Градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски организираше предновогодишен прием за децата на бранителите и нивните семејства.

Во оваа пригода градоначалникот Мицевски им посака многу здравје, љубов и среќа со желби за поубави и попријатни мигови во Новата 2019 година. Воедно им порача дека тој како градоначалник заедно со општинската администрација, секогаш се тука да им ја дадат неопходната помош и поддршка во нивните активности и иницијативи.



## Аукција на новогодишни џиновски честитки

Во холот на основното општинско училиште „Илинден“ од Крива Паланка се одржа аукција на новогодишни честитики. На аукцијата беа изложени над двесте оригинални изработки, и тоа џиновски новогодишни честитки, елки, украси и декорации, изработени од рециклиран материјал.

На овој настан, покрај претставниците од локалната самоуправа, присуствуваа и претставници од јавни институции и компании и учествуваајќи на аукцијата купија џиновски честитки што ќе ги красат нивните деловни простории.

## Доделени новогодишни пакетчиња за најмладите од Крива Паланка



Во пресрет на новогодишните празници, градоначалникот Борјанчо Мицевски и претседателаката на Советот на општина Крива Паланка, Изабела Павловска, заедно со претставници од општинската администрација, ги посетија дечињата од трите објекти на градинката Детелинка, Дневниот центар за лица со посебни потреби, како и учениците сместени во ученичкиот дом Боро Менков и подарија новогодишни пакетчиња на сите дечиња од овие установи.

## Новогодишен хепенинг и концерт на Влатко Лозаноски во Крива Паланка



Во деновите пред новогодишните празници најмладите жители на Крива Паланка, но и сите кривопаланчани уживаа во музички хепенинг, кој се одржа на централниот градски плоштад, а го приредија дечињата од основните и средното општинско училиште од градот како и најмалите од детската градинка „Детелинка“.

Кореографии на популарни детски рефрени, изведба на новогодишни композиции, музицирање и вокално-инструментални перформанси, беа дел од богатата и весела програма.



Вниманието на публиката го привлече главниот гостин на програмата, популарниот пејач Влатко Лозаноски.

Овој празничен настан претставува заокружување на новогодишната културна програма во организација на локалната самоуправа и институциите од областа на културата, која започна во четврток, 27 декември, кога премиерно беше изведен фестивалот на детска песна „Распеано симитче” 2018 .






## Ораторска вечер на учениците од СОУ Ѓорче Петров

Во СОУ „Ѓорче Петров” се оддржа петтата ораторска вечер на тема „Сакам да говорам за…”

Осуммина одбрани говорници зборуваа за тоа како го гледаат светот низ очите на убавото, наговестувајќи ги аномалиите на времето во кое живеат.

За најдобар говорник одлучуваше петчленото жири, а првонаградена е Наташа Тошевска, второ место е Драгана Маџовска и третопласирана е Бојана Спасовска.

Општина Крива Паланка беше покровител на овој настан, а градоначалникот Борјанчо Мицевски додели парични награди за најдобрите. Награди доделија и училиштето и литературниот клуб „Калин” од НУ Центар за култура Крива Паланка.